РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-4291/1
16-12-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од познат подносител, на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4228/1 од 10.09.2019 година оформен по пријава од поносителот ---------------------------, доставена до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, беспредметно е постапувањето во предметот со број 12-4228/1 од 10.09.2019 година, од причина што по друг предмет оформен по пријава од истиот подносител со исти наводи за ист конкретен случај, ДКСК има постапувано и има донесено своја одлука.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката, со образожението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4228/1 од 10.09.2019 е оформен по пријава од поносителот ------------------------------------------, доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за вршење мобинг и недавање работни здачи од страна на Директорот на Државниот просветен инспекторат ------------ врз ----------, раководител во -------------------. Во пријавата се наведува дека со допис бр. 03-670/1 од 22.08.2019 година побарал од Директорот на Државниот просветен инспекторат да му бидат дадени решенијата од Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постпака ИП 2 бр. 09-57, ИП2 бр. 09-58, ИП2 бр. 09-59 од 11.07.2019 година, како и увид во документацијата. Од страна на Директорот му било врачено Решение бр.04-569/10 од 23.08.2019 годин за распоределување и определување на плата на државен службеник, кој го примил на 04.09.2019 година со право на жалба од 8 дена. Неколку

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

пати му укажал на Директорот на Државниот просветен инспекторат дека неговото однесување е несоодветно, неприфатливо и неговиот третман кон -----------------------претставува мобинг и дека ќе го извести Инспекцискиот совет.

По разгледување на наводите во пријавата и придружната документација кон истата, ДКСК констатира дека по друг предмет оформен по пријава од истиот подносител со исти наводи за ист конкретен случај, ДКСК има постапувано и донесено одлука, па оттаму заклучи дека беспредметно е постапувањето по овој предмет и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**